РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-517/11
21-01-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат/непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59та седница одржана на ден 14.01.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 09-517 од 24.01.2020 година, оформен по доставена пријава за поранешен градоначалник ------- -------- на општина ------ **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и анализа на податоците, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата отвори предмет првично заведен со архивски број 12-2116 од 29.03.2019 година врз основа на пријава за сомневање за корупција и судир на интереси, а во врска со злоупотреба на службената положба и овластување на градоначалникот на општина ------ ------ -------, затоа што во општината и други институции во општината вработувал повеќе лица во роднинска врска.

Поради наводи кои се однесуваат на судир на интереси, беше изготвена службена белешка за примопредавање на предметот со број 12-2116 од одделението за корупција во одделението за спречување на судир на интереси и повторно заведен со архивски број 09-517/1 од 24.01.2020 година.

Со цел потврдување на наводите во пријавата, ДКСК до општина ------- достави Барање за доставување на податоци и информации дали лицата кои се наведени во пријавата, односно ------ -------, ------ ------- и ------ ------- се вработени во општина --------- и доколку се, да се достави целокупната документација од спроведената постапка за вработување на лицата, од кога се вработени лицата, на кое работно место се вработени и податок за нивното стручно образование и оспособување.

Општина -------- со допис 09-517/3 од 09.06.2020 година ја извести Државната комисија дека ------ -------и ------ -------- се вработени во општината, а на ------ ------- му е изготвено решение за престанок на работниот однос, заради исполнување на услов за пензионирање. Според доставената документација, лицето ------ ------- е примено на работа со Одлука за прием на работник на 01.03.2005 година, а ------ ------- е вработена со Решение за вработување од 18.06.2018 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнително, ДКСК се обрати до Општина ------- со барање за доставување податоци и информации со број 09-514/4 од 30.07.2020 година дали лицето ------ ------- е вработено во Општина ------- и доколку е вработено, да се достави целокупната документација од спроведената постапка за вработување на лицето, од кога е вработено, на кое работно место е вработено и податок за неговото стручно образование и оспособување.

Општина Пласница ја извести Државната комисија дека лицето ------ ------- е вработен во општина -------- со Решение за вработување од 07.11.2018 година.
На решението за вработување е потпишан градоначалникот на општина --------.

Со оглед на наводите во пријавата, а со цел целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК повторно се обрати до општина --------- со барање податоци дали гореспоменатите лица кои имаат засновано работен однос со општината, се во роднинска врска со градоначалникот согласно член 8 став 4 од ЗСКСИ.
Исто така, ДКСК се обрати и до Државниот просветен инспекторат со барање да се изврши вонреден инспекциски надзор со цел да се утврди датумот на запишување на лицето ------ ------- во средното општинско училиште ------ ------- -------- и датумот на завршување на школувањето, како и целокупниот процес на школување на погоре споменатото лице.

Општина -------- , со допис за доставување на податоци заведено со наш архивски број 09-517/8 од 03.09.2020 година, ја извести ДКСК во однос на бараните податоци, а во однос на барањето за давање на изјава дали градоначалникот ------ ------- е во роднинска врска согласно член 8 став 4 од ЗСКСИ, Општина ------- ја извести ДКСК дека не може да достави таков податок затоа што во моментот на известувањето, ------ ------- не ја извршувал функцијата градоначалник.

Поради се погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: Ш.С., член на ДКСК